Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија“ бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија“ бр 89/22 и 171/22), **Општина Штип,** на ден 04.09.2024 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За урбанистичка документација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ.01.04, СО НАМЕНА ,,А"-ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП /плански опфат помеѓу улиците: ул. "Карл Маркс", крак на ул "Карл Маркс" и ул. "Пиринска" /, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, програмска задача финансирана од страна на нарачател-инвеститор, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ.01.04, СО НАМЕНА ,,А"-ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП /плански опфат помеѓу улиците: ул. "Карл Маркс", крак на ул "Карл Маркс" и ул. "Пиринска" / нема да има влијение врз животната средина од следните причини:Целокупните активности во оваа област ќе се насочуваат кон обезбедување на непречен просторен развој,при што би се обезбедила квалитетна,здрава и хумана средина за живот и работа. Согласно ГУП от, предметниот локалитет се наоѓа во непосредна близина на централното градско јадро.Поточно,станува збор за дел од УЕ6 дел од нас.,,Горно Маало" Општина Штип .Планскиот опфат којшто е предмет на изработка зафаќа вкупна површина од 6 327,65м2 .Цел на планот е Изработката на Измена и дополнување на ДУП на дел од нас.,,Горно Маало"дел од УЕ6 опфат помеѓу улиците: ул. "Карл Маркс", крак на ул "Карл Маркс" и ул. "Пиринска" се јавува поради потребата за изградба на нови површини за градба.,. Бидејќи планската задача е со веќе однапред дефинирана цел и со дадени насоки од нарачателот се наложува потребата за изработка на урбанистичка документација со која искористеноста на парцелата ќе се зголеми т.е. ќе се зголеми коефициентот на искористеност и процентот на изграденост но секако согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичкото планирање(Сл. Весник на РМ бр. 63/2012).

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.УП 1 18/24-105
Штип

04.09.2024год

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов